## Податоци за анкетата

**Тип:** Теренска, стандардизирана анкета од затворен тип и можност за одредени наративни одговори, кои не се анализираа во текот на сумирање на резултатите, туку имаа само методолошка вредност.
Анкетата користеше **„примерок на случајно движење“** (random walk sample) со статичен анкетар, кој користи алгоритам за избор на испитаниците.

**Начин на анкетирање:** со обучени анкетари и инструктори (контролори). Исклучиво индивидуално анкетирање. Испитаниците беа замолени за соработка низ **прагматичка мотивација,** а ако имало потреба и со **катартичка мотивација**.
Анкетните прашалници и анкетирањето се пополнуваа на 2 јазици (македонски и Албански).

**Време на спроведување**: Од 15 – ти до 27 - ми мај 2016 година. Теренскиот дел од анкетата траеше вкупно 6 дена, со дополнителни 3 дена за корективно анкетирање и теренскиот дел и телефонската анкета, како контролна и со методолошка важност.

**Места, кои се земени за анализа, од оние во кои анкетата спроведена**: Скопје (8 локации), Битола, Прилеп, Гостивар, Тетово, Охрид, Штип, Велес. Селата беа групирани по општини: Прилепско, Охридско, Битолско, Скопско, Ново Село, Гевгелиско, Маврово и Ростуше.

**Бројност на анкетни тимови и анкетари**: 6 анкетни тима со 18 анкетари и 6 теренски инструктори. Делумно ангажирана агенција за помош во реализацијата на теренската анкета во одредени места.
Сите теренски анкетари беа обучени и на секои 3 анкетари имаше 1 теренски инструктор (тим), кој во секое време го посматраше анкетирањето на секој анкетар. Тука можност за грешка не постои.

**Популационен примерок:** 0,5 промили од целокупното население во РМ , односно 1.011 испитаници.
**Репрезентативност на примерокот** е постигнат со анкетирање во 8 градови и 21 село, групирани во 7 региони, како и со внимавање на етничката репрезентативност.
**Претпоставен степен на доверба:** (95 %)
**Посакувана прецизност на мерење**: ±3 – 5

Прашалникот беше оптимализиран за анкетирањето да трае до максимум 15 минути и беше тестиран преку две скрининг групи и преку работилница за неспуриозност.

Анкетните резултати беа анализирани спрема однапред поставените хипотези и подолу следи сублимат од заклучоците.

Во просек, анкетирање одбиле 57,3 %. Вкупно пристапувања имаше 2864 за да бидат реализирани 1223 анкети.

## Сублимат од заклучоци

Анкетата истражуваше граѓански ставотови за институциите, а за таа цел мора да се испитаат три составени елементи на ставот: 1. чувства за институциите, 2. познавање на нивните надлежности и како ги остваруваат и 3. Нивната практика со институциите.

Ситуацијата со знаењата за надлежностите на институциите и нивниот делокруг на работа се катастрофални и бележат пад во споредба со 2009 и 2011 година.

Од интерес на анкетата беше степенот на познавање на сопствените законски права на граѓаните, во корелација со нивната решеност и желба да го употребат тоа свое право. Декларативно, тие со висок процент одговориле дека се решени тие свои права да ги заштитат (на пример, да пријават корупција), но ако би се работело за судски спор против функционер, тоа право би го искористиле знатно помалку граѓани.

Граѓаните не одобруваат насилни протести (60%)и не би излегле на такви, дури и ако тие бидат „неопходни" (67%), а и „непријавените" протести за нив се проблем.

Граѓаните се доста свесни за разликата на уставната и фактичката состојба на институциите и поделбата на власта и тука функционира **јавната каузалност,** но не крај и долгогодишната пропаганда си го зела данокот.

Така граѓаните мислат дека нема тројна поделба на власта (57,4%), веруваат дека институциите не се независни од Груевски и врхушката (65,3% наспроти 17,7%), но сепак, само 52,6% од испитаните мислат дека СЈО не е противуставно тело.

Одма потоа, тие одговараат (61,4%) дека судот не постапи правилно кога не ги притвори лицата за кои СЈО бараше притвор, со аболицијата се согласиле само 14,2%, не го одобриле носењето на десетици закони во еден ден во Парламентот (69,4%) и не го одобриле задолжувањето на државата (64,9%).

Со тоа се гледа дека **„Општа каузалност" во општеството, како степен на граѓанска способност да ги сфатат каузалните врски во политиката, е на доста пониско ниво од „Дневната каузалност"** (60% со 68%) што укажува на силен генератор на намалување на општата каузалност (веројатно пропагандата, која не се бори „дневно", туку „стратешки" со јавната логика и морал). Тука се гледа **„когнитивната дисонанца",** која е пропагандно постигната кај граѓаните.

Искуствата од граѓанскиот непосреден контакт со институциите и нивното чувство од конкретните услуги, кои ги добиваат во институциите беше следно важно прашање. Тие мислат дека процедурите во институциите се усложнуваат (53%), дека за услугите на институциите плаќаат повеќе од порано (52,8%), потребно е подолго време (47,9%), повеќе посетени институции (46,6%) за да се заврши една работа во институциите во споредба со порано и дека има нови давачки (65,6%).

**Општествено структуираниот дефект** (ОСД), кој е традициски ефект на рационализација и правдање на очито неморални, криминални и социопатолошки јавни постапки и политики е мошне застапена форма на моделирање на јавното мислење. Така, очито неморални постапки се веќе инсталирани (структуирани) како метод и стил. Дека „оваа влада е добра заради тоа што иако краде-повеќе дава на граѓаните" мислат 21,1% граѓани, дека „луѓето, кои ги вработила партијата во институциите, на партијата треба да и вратат некако" мислат 39,2%, или дека „ако си функционер, глупав си ако не крадеш мислат 27,4% од испираниците. Овој процент се зголемува со тврдењето „не е грев ако се снајдеш, па и да е малку незаконски. И ти да беше така ќе правеше" (32,8%).

Влијанието на владината пропаганда врз принципот на каузалност за политичките настани и улогата на институциите во тие процеси беше специјален интерес на анкетата. Тоа има директна врска со јавниот морал и довербата во институциите. Овој процес на каузалност е доста стабилен во главите на испитаниците, односно, **тие знаат што се случува, но изгледа дека не им е многу битно дали е нештото морално или не**. Граѓаните увидуваат дека единствен делотворен и ефикасен актер на политичката сцена, кој има сила, институции, пари и медиуми е ВМРО – ДПМНЕ, но процентот на осуда на таквата незаконска позиција е знатно понизок.

Така, граѓаните мислат дека (со околу 20% резервирани одговори) „Македонија не е загрозена од странските служби и домашните издајници“ (56,5%), дека „нелегалните снимки се правени во македонската тајна служба“ (50,3%), дека „протестите организирани од ГДОМ не се за спас на Македонија“ (62,3%) , дека „ Груевски стои зад одлуката на Уставниот суд која му допушта на претседателот на државата да помилува“ (56,6%), дека „ Груевски стои зад аболицијата (помилувањето) од страна на Претседателот“ (57,5%), дека „Телефонските и интернет комуникации државата ги прислушува, односно следи“ (64,2%), но сепак 55,5% мислат дека „Меѓународната заедница ги поддржува постапките на Зоран Заев“, 31% дека „договорот од Пржино цело време го кочи Зоран Заев со преголемите барања“, 39,7% дека „фрлањето боја на зградите на институции од страна на демонстрантите е вандализам“, 23,2% дека „демолирањето во Општина Центар минатата година, од страна на демонстрантите е оправдано, затоа што Жерновски ги испровоцира демонстрантите со своите одлуки“. Ова се чудни одговори, со оглед на одговорите на другите прашања, кои укажуваат дека граѓаните „ја знаат целата приказна“.

Ова го потврдуваат проценките на тврдењето „Настаните во Кумановското „Диво населе“ ги организираа Груевски и Мијалков“. Само 37,9% веруваат во тоа, 27,8% не веруваат, а 34,1% не проценуваат. Ова прашање беше шок за испитаниците и некои дури и го прекинаа интервјуирањето.

Сепак, се гледа дека **највисоко влијание владината пропаганда посветила на своите проекти**. Експертите се потполно согласни во минорноста на овие проекти од аспект на потребност и успешност, а штетите од нив високо ги рангираат.

Проценката на успешноста и потребноста на владините проекти покажува дека нема јасна согласност дали проектите на владата се успешни, додека за потребноста на тие проекти граѓаните сметаат дека се тоа потребни проекти, освен проектот „Скопје 2014“, за кој само 19% го сметаат за потребен и 27% за успешен (од тие кои се изјасниле), а другите сметаат дека е потребен во 81% и неуспешен во 73%.

Најпотребни и најуспешни проекти испитаниците ги сметаат: Субвенции за земјоделците (Успешен 71%, Потребен 78%) и Легализацијата (Успешен 64%, Потребен 69%). За најнеуспешни ги сметаат проектите „Македонија вработува“ (38%) иако 67% сметаат дека е потребен како проект, потоа „ Простување долгови на неплаќачите“ со 35% успешност иако 53% смтаат дека е тоа потребен проект. Дури и проектот „Компјутер за секое дете“, кое по мислењето на експертите е пример за пропаднат проект, со нула корисност е оценет со високи 41% како успешен и со 51% како потребен.

За чудење е дека намалувањето на глобите за стопанските субјекти не е толку високо ценет проект, иако има попозитивни ефекти од сите други. Вистина е дека владата стави акцент врз проектите и тука се посеани најголемите дезинформации, манипулации и пропагандна енергија. Овие проекти никогаш не можеше никој да ги мониторира, па ефектите се прераскажани само од владата. Со промена на власта сметаме дека ќе чуеме за ендемска корупција, неуспех и фингирање на сите овие проекти, а последиците од “проектите“ ќе бидат катастрофални следните 30 години.

Сепак, овие владини акции само 35,4% испитаници ги сметаат за реформи на институциите, додека 47,9% не ги гледаат за такви. 16,7% не знаеле да проценат дали се тоа проекти, односно тука имаше објаснувања дека тие се наменети за други нешта.

Заклучок од анализата на анкетните резултати е дека јавната каузалност е прилично загрозена, со тоа не можат да се поставаат јасни јавни проценки на постапките на властите од гледна точка на законитост, моралност и етичност, а ¼ од населението слепо ги брани постапките на властите и институциите, иако не им верува, во исто време. Оваа потполна недоверба во институциите нив ги прави немоќни како оправдувачи (јустификатори) на јавните политики, со тоа не се центар на државниот и јавен живот, нивната уставна позиција е крајно изместена, па тој ваакум се полни со директна партиска интервенција, некаузална ОСД пропаганда и неинституционална јустификација (контрадемонстрации, квази – новинари, квази – НВО – и и сл). Ваквата поставеност води кон трајна нестабилност и опасност по мирот и стабилноста на земјата.